# Продолжена 5 годишна гаранција на компресорот на инвертер клима уреди од Хајсенс

**Општи услови и одредби за гаранција на компресорот кај инвертер клима уредите од Хајсенс**

- За дополнително задоволство и заштита на вашиот нов клима уред, покрај дадената гаранција, добивате можност и за 5 годишна гаранција на компресорот кај инвертер клима уредите под услови дефинирани подолу. Секакви барања до вашиот продавач, поврзани со договорот за купување на апаратот, ќе останат непроменети.

- Условите и одредбите за гаранција важат за сите Хајсенс инвертер клима уреди купени во промотивниот период и користени на територијата на Република Северна Македонија.

- Продолжената гаранција на компресорот важи само за инвертер клима уредите купени во промотивниот период од 15.10.2020 година до 31.12.2020 година.

- За добивање на сертификатот за гаранција, потрошувачот треба да го регистрира купениот апарат на официјалната страна mk.hisense.com. Регистрацијата мора да се изврши во рок од 30 дена од издавањето на фактурата/сметката. Доколку потрошувачот нема пристап до интернет, исто така регистрацијата може да се изврши преку центарот за поддршка на Горење на 02/3299-111. Со регистрација на производот, потрошувачот се согласува неговите/нејзините податоци да бидат зачувани. Откако ќе се заврши регистрацијата, сертификатот за гаранција мора да биде отпечатен. Заедно со фактурата/сметката претставува основа за спроведување на гаранцијата. Доколку клима уредот се расипе за време на гаранцијата, потрошувачот мора да ги има сертификатот за гаранција и фактурата/сметката за да може да контактира овластено лице за сервис. Во спротивно, продолжената гаранција нема да биде валидна и купувачот има право на редовна гаранција од 2 години.

- Во времетраење на гаранцијата, дефектите кои се појавуваат поради материјални грешки и/или фабрички грешки треба да се отстранат.

- Гаранцијата ќе биде неважечка во случај на дефект на инвертер клима уред од Хајсенс поради:

  - Непридржување до упатствата за употреба,
  - Поправка од страна на неовластено лице,
  - Вградување на неоргинални делови во производот
  - Несоодветно ракување со производот,
  - Штета настаната од механички удари по вина на купувачот или трето лице,
  - Елементарна непогода (поплава, громови, пожар итн.),
  - Нечистотии на термоизменувачите и/или запушени филтри,
  - Користење на апарат за бизнис и профитабилни цели.

- По поправката и замената на клима уредот од Хајсенс, деловите кои биле заменети ќе останат во наша сопственост.

- За време на продолжениот гарантен период, клиентот има право да го замени производот само ако апаратот не може да се поправи.

- Услугите извршени за време на гаранцијата, не ја продолжуваат или обновуваат гаранцијата ниту прават некакви промени во однос на периодот на гаранција, важечки за целиот производ. Секои понатамошни барања ќе бидат исклучени од овие услови и одредби.

Горење ДООЕЛ Скопје
Бул. 8ми септември бр.18 лок.10,
1000 Скопје Македонија